**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-343
02.09 **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 92 став 3 од истиот Закон, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2864/1 од 28.07.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-3224/3 од 01.09.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-та седница одржана на 01.09.2021 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот на 7 јули 2021 г., не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2864/1 од 28.07.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 92 ставови 1 и 3 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 28 јули 2021 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 јули 2021 г., на регионално ниво, при што констатираше прекршување на член 92 став 3 од ЗАВМУ. Имено, со надзорот е констатирано дека на 7 јули 2021 г., телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуваше 6 часа 17 минути и 48 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 32.02% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 39 минути и 46 секунди). Половина од законскиот минимум (од 05:53:56) е 2 часа 56 минути и 58 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 26 минути и 1 секунда изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 30 минути и 57 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2864/1 од 28.07.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, на 29.07.2021 г. испрати Допис Уп1.бр.03-343 од 29.07.2021 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2864/1 од 28.07.2021 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, односно на 29.07.2021 г., ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје по пат на електронска пошта достави Изјаснување Уп1 бр.03-343 од 29.07.2021 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 01.09.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување Уп1 бр.03-343 од 29.07.2021 г. и заклучи на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 92 став 3 од истиот Закон, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2864/1 од 28.07.2021 г. и Заклучокот арх.бр.02-3224/3 од 01.09.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите на ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на седницата одржана на 01.09.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2864/1 од 28.07.2021 г.

**Доставено до:**
- ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 28.07.2021

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 2864 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 јули 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 јули 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** ((1)Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. (3)Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 јули 2021 година, на регионално ниво, е **констатирано прекршување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*трговските радиодифузни*

*друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела дневно, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).*

Со надзорот е констатирано дека на 7 јули 2021 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуваше 6 часа 17 минути и 48 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **32.02%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 39 минути и 46 секунди).

Половина од законскиот минимум (од 05:53:56) е 2 часа 56 минути и 58 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 26 минути и 1 секунда изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 30 минути и 57 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, на 7 јули 2021 година, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***